# Ден на македонската статистика

## 1 јуни

### Издадени публикации, 2016




### јуни 2016

По повод Денот на статистиката, 1 јуни, Заводот распиша конкурс за ликовни творби на ученици од сите основни училишта во Република Македонија на тема **Светот низ бројки**, кој привлече огромно внимание.



На конкурсот пристигнаа над **500** ликовни творби кои беа претставени на изложбата што беше организирана по тој повод.

### јули 2016

Во заедничка организација на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), Статистичкиот завод на ЕУ Евростат и Државниот завод за статистика (ДЗС), во Охрид се одржа Работилница за **Генерички закон за официјална статистика**.



### јули 2016

Публикацијата **Статистички албум** е објавена во рамките на одбележувањето на 25 години на Државниот завод за статистика во самостојна Република Македонија.



Податоците се прикажани сликовито и популарно, така што да бидат достапни, разбирливи и поинтересни за поширокиот круг на корисници.

### август 2016

Национални класификации и класификации / номенклатури кои се стандард на ДЗС:
- Класификација на институционалните сектори, 2016;
- Номенклатура на градежни објекти и градежни работи, 2015, стандард на ДЗС;
- Транспортна класификација на стоки, 2015, стандард на ДЗС;
- Класификација на активности и трошоци за заштита на животната средина, 2015, стандард на ДЗС.



### септември 2016

Со публикацијата **25 години независна Македонија** Државниот завод за статистика се придружи кон прославувањето на 25-годишнината на независна Република Македонија.



Во неа преку бројки се отсликува периодот полн со промени, подеми и предизвици, голем ентузијазам и желба за напредок на сите полиња на општествено-политичкиот и економскиот живот на земјата.

### октомври 2016

Мобилна апликација

Макстат апликацијата за мобилни уреди содржи информации за најважните социоекономски индикатори за Република Македонија, како и статистички податоци продуцирани преку статистичките истражувања на Државниот завод за статистика.



### ноември 2016



Излезе публикацијата **МакСтат избор**. Публикацијата е поделена во 20 области во кои преку табели, графикони, инфографици и кратки коментари се презентирани трендовите на дел од појавите што ги следи статистиката.

### декември 2016

Поддржувајќи ги критериумите на Политиката за квалитет на ДЗС, беа подготвени и објавени **190** извештаи за квалитет.



### јануари 2017

**Поддршка на Државниот завод за статистика во градењето на капацитетите и унапредување на усогласеноста на статистиките со стандардите на ЕУ** - твининг-проект во кој учествуваат Националниот институт за статистика на Италија и Заводот за статистика на Словенија како земји-членки на ЕУ, и Државниот завод за статистика на Република Македонија како институција-корисник.

### февруари 2017

Во периодот од 13 до 16 февруари 2017 година, во Државниот завод за статистика се спроведе **Партнерско оценување на националниот статистички систем** од страна на Евростат, со посебен акцент на Државниот завод за статистика како носител и координатор на овој систем.



### март 2017

Според Извештајот на невладината организација **Open data watch (ODW)** за 2016 година, Македонскиот статистички систем е рангиран на 30. место во светски рамки (меѓу 173 земји) и на 6. место меѓу земјите од Јужна Европа. Меѓу земјите-кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ, Македонскиот статистички систем се наоѓа на првата позиција.

### април 2017

Едукативен караван низ средните училишта



13 училишта

300 средношколци



### мај 2017

Анкета за мерење на задоволството на корисниците, 2017 година

Анкетата се спроведе во периодот од 20 јануари до 8 февруари 2017 година.

Просечните оценки за задоволството од податоците на ДЗС се:




1 104 170 посети на веб-страницата

**www.stat.gov.mk**

Макстат